www.xtrapapers.com

M12/1/A1MAC/HP1/MAC/TZ0/XX

22120181

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Thursday 10 May 2012 (morning)
Jeudi 10 mai 2012 (matin)
Jueves 10 de mayo de 2012 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.
- The maximum mark for this examination paper is *[25 marks]*.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d'examen est *[25 points]*.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es *[25 puntos]*.

2212-0181



© International Baccalaureate Organization 2012

www.xtrapapers.com



*Коментирајте* ***еден*** *од следниве:*

**1.**

Утредента, пред изгрејсонце Никола и син му Бошко стоеа крај ѕидот одбележувајќи го местото со гребење каде што некогаш бил капиџикот кој стотина години ги поврзувал куќите на дедо Михаил и амџа Сабит. На едните низ капиџикот им било поблизу до џамијата, а на другите до градините во Чаир и до гробиштата.

Кога синот се качи на скалата и ја одкорна првата тула со ѕидарскиот чекан старецот длабоко воздивна.

– Знаеш – рече Никола – кога умре дедо ти Михаил низ капиџиков го носеа пијани луѓе. Се сопнаа и со се ковчегот летнаа во дворот на амџа Сабит. Оние што одеа напред беа раскрвавени, врз нив лежеше дедо ти. Се стрчавме да ги кренеме луѓето и да го вратиме покојникот во ковчегот, но тогаш дедо ти Михаил стана и со прекор се загледа околу себе. Пијаните кога го видоа тоа фатија пустина, гас преку глава, низ дворот на амџа Сабит. Дедо ти од тој ден проживеа уште десетина години, а капиџикот цела Гази Баба го нарече Џенет капиџик, но откако ти се роди, мајка ти, знаеш, сум ти раскажувал …

– Знам, знам, ми раскажувале и други – потврди синот и му ја подаде втората тула на татка си.

– Пред поплавата – продолжи таткото.

– Ги знам сите случки! – нервозно дофрли синот.

– Пред поплавата, во Скопје, занаетот почна да изумира во чаршијата. Со денови никој не го пречекоруваше прагот на дуќанот. Бевме решени да го затвориме и да се вработам некаде на државно. Уште не можам да го заборавам вкусот на туршијата, четирипати неделно јадевме туршиени пиперки полнети со ориз, а трипати грав. Тие денови амџа Сабит, кој од дрвенарија правеше само налани, разгласи дека во дуќанот на Михаил се прават најубавите налани и работата тргна како улава. Толку добро ни одеше што не знаевме што да правиме со парите. Кај нас тргна, а кај амџа Сабит секна работата. Дедо ти Михаил веднаш почна да ја дели работата со амџа Сабит, но мајка ти се вмеша, неколку пати бегаше кај нејзините, а за да се врати бараше да го заѕидаме капиџикот.

– Пак се лоши времиња, не оди работата – изусти синот и му подаде тула на татка си.

– Во чаршијата, на десетина години доаѓа, има-нема, но за една скромна живејачка секогаш се собирало. Треба да се има верба дека на овој свет сите се среќни и дека така ќе биде на веков, само ако изутрина и пред спиење му се помолиме на Бога. А ние со капиџиков им го затворивме патот, треба да вртат по горната улица за да одат на молитва.

Ги протри Никола рацете од кошулата и со двете дланки помина од набразденото чело до брадата. Ја крена главата кон небото и го виде амџа Сабит како го отвара капиџикот, тргнат на утринската молитва пред изгрејсонце, тропа на прозорецот и довикува по соседот Михаил, па двајцата како да лебдат заминуваат: едниот кон џамијата на утринската молитва, а другиот кон чаршијата да ги отвори дуќаните.

– Мораме да побрзаме, ќе се раздени! – молежливо изусти старецот.

Стево Симски, *Џенет Капаџик* (2000)

www.xtrapapers.com



**2.**

**Есен во Скопје**

Паѓаат деца скејтери,
ќерамиди од есенски куќи,
Паѓаат плуканици.  Белите гуми за цвакање
најубаво поцрнуваат врз плочките на тротоарите.
Паѓа слана, па сончева светлина, па магла.
Паѓаат пердуви од непреселници,
татковци и дедовци на ролерки,
безобразни пешаци на пешачки,
високи штикли на коленици.
Паѓаат листови на жени,
под стебла а врз кревети
Сè паѓа: брезата и берзата
бербата и вербата, довербата.
Наскоро ќе падне првиот снег
а за некој месец и последниот.
Потоа едно време нема ништо да паѓа.
И сè така, во круг, исто и најздодевно
Јово на ново, Славе од Влае, од празно во бездна …
Сè додека не почнат да паѓаат првите грутки земја
врз твојот сандак под земја,
во некоја доцна, сончева есен во Скопје,
нималку различна од оваа.

Јовица Ивановски, *Деновиве ако не и утре* (2009)